Улогата на медиумската писменост во справување со предизвиците на социјалната мрежа ТикТок

СОЊА ТРИФУНОВСКА И ЗОРИЦА АДАМЧЕВСКА

DOI: 10.64370/XFZY1387

Апстракт

Во ерата на дигитална револуција, користењето на социјалните мрежи стана составен дел од секојдневниот живот на милијарди луѓе. Тик Ток е една од најпопуларните и најбрзорастечките социјални платформи во светот чија привлечност се базира на дигитална забава преку креирање, споделување или следење на куси видеа. Оваа платформа има моќен алгоритам кој ја персонализира содржината за корисниците, создавајќи кај нив привлечно и интересно искуство. Поради тоа Тик Ток стана централно место за користење од страна на младите за едукативни и забавни цели, но и за вирални предизвици кои се моќен начин за ангажирање на корисниците. Тие можат да бидат забавни, едукативни и креативни, но и да носат ризици по безбедноста и здравјето и да ја нарушат емоционалната и психичката состојба кај учесниците. Овие трендови брзо се шират заради алгоритмите на платформата и активното промовирање преку „For you page“ и затоа тешко можат да бидат избегнати од корисниците на мрежата. Вклучувањето на младите во овие предизвици стана општествен проблем кој бара мултидимензионален пристап за негово справување. Но најважното оружје во борбата со предизвиците на Тик Ток е медиумското образование преку кое младите ќе стекнат вештини за разбирање на дигиталниот простор, детектирање на ризиците од опасни трендови, јакнење на дигиталната етика и зголемување на свеста за безбедно користење на платформите. Ова истражување ќе понуди пристапи и решенија за справување на младите со предизвиците на социјалната платформа Тик Ток кои се базираат на анкетни прашалници и интервјуа со ученици од 10 до 15-годишна возраст. Врз основа на резултатите од ова истражување, се согледува потребата од засилено вклучување на медиумското образование во училиштата, со акцент на едукација за безбедно користење на социјалните мрежи.

Клучни зборови: социјална мрежа, ТикТок, медиумска писменост

Вовед

Во современото дигитално општество, социјалните мрежи претставуваат највлијателни платформи за информирање, комуникација и самоизразување. Тие се нераскинлив дел од секојдневието на милиони луѓе ширум светот, овозможувајќи брза и лесна размена на идеи, мислења и содржини. Социјалните мрежи се моќен инструмент со глобално влијание кој ги поттикнува општествените промени и го трансформира начинот на кој функционираме како поединци и заедници.

Со развојот на технологијата, како вештачката интелигенција, алгоритмите за препораки и мобилна поврзаност, влијанието на социјалните мрежи станува сè подлабоко и посложено. Тие не само што го обликуваат нашето однесување и перцепција на реалноста, туку имаат и значајна улога во формирањето на ставови, вредности и идентитети, особено кај младите генерации. Затоа, анализата на нивната улога и влијание претставува клучен предизвик за современата наука, образованието и општествената одговорност.

Една од најбрзо растечките и највлијателни платформи во денешно време е Тик Ток, која за краток временски период стана најпопуларна во светот, посебно кај младите. Оваа социјална мрежа во сопственишство на пекингшката фирма „ByteDance“ која ја започнува прелиминарната верзија во 2016 година, а продолжува со меѓународна верзија во 2018 година, овозможува следење и споделување кратки, динамични видеа со лесни можности за уредување, што го поттикнува креативниот израз, самопромоцијата и интерактивноста. Целта и мотивацијата за користење кај младите е за следење на забавни, музички и хумористични видео содржини, снимање на сопствени видеа, следење на пријатели, инфлуенсери и популарни личности и информирање за актуелни теми. Начинот на кој Тик Ток функционира преку својот алгоритам „For You Page“ овозможува секој корисник да добива персонализирана содржина врз основа на неговите интереси и претходни интеракции што доведува до високо ниво на ангажираност, но и до дигитална зависност и изложеност на потенцијално штетни содржини. Посебно штетно влијание имаат таканаречените „challenges“, односно видео-предизвици кои брзо стануваат вирални, создаваат чувство на припадност, но понекогаш водат и до небезбедни или ризични однесувања, во обид младите да стекнат внимание, „лајкови“ или да се чувствуваат прифатени во виртуелната заедница. Учеството во овие опасни трендови, многу често водат до проблеми поврзани со приватноста, како и нарушување на физичкото и менталното здравје.

Во ваков контекст, медиумската писменост станува клучна алатка за критичко разбирање, проценување и одговорно користење на медиумските содржини. Развивањето на способности за препознавање на манипулативни техники, етичка

комуникација и безбедно дигитално однесување се неопходни за заштита и самозастапување во дигиталниот простор.

Овој труд има за цел да испита какви се навиките кај младите од 10-15 годишна возраст при користење на социјалната мрежа Тик Ток, да ги анализира нивните реакции на предизвиците со кои се среќаваат и да ја истражи улогата на медиумската писменост во справувањето со специфичните ризици што ги носи оваа социјална мрежа. Ова истражување исто така нуди препораки за едукативни практики што би ја поттикнале критичката свест и одговорноста во користењето на оваа и слични платформи. Преку преглед на литературата, анализа на податоци, статистички и графички приказ на добиените резултати, ова истражување се обидува да ја утврди врската меѓу медиумската писменост и способноста на младите да ги препознаат ризиците со кои се соочуваат при користењето на платформата Тик Ток и соодветно да реагираат на нив.

Освен тоа, овој труд ќе се обиде да даде одговор на прашањето колку младите сметаат дека семејството и училиштето со своите едукативни содржини влијаат врз нивните навики за побезбедно користење на социјалните мрежи. Преку анализа на сите овие аспекти, ова истражување ни помага да ги согледаме реалните дигитални навики и предизвици со кои се соочуваат младите и потребата од вклучување на медиумска едукација. Констатациите и заклучоците од ова истражување се надеваме дека ќе бидат искористени при креирањето на системски, образовни и технолошки политики за одговорно, безбедно и етичко движење на младите во дигиталниот свет.

Преглед на литература

Социјалните мрежи во нашето современо дигитално општество се неизоставен дел од секојдневниот живот. Тие се мултифункционални платформи кои првенствено се користат како алатка за комуникација, играат клучна улога во информирањето, служат како простор за самоизразување и креативност, се користат за едукација, бизнис и маркетинг цели, како и за мобилизирање на јавноста околу одредени општествени прашања. Според податоците на Statista (2023), глобално над 4.9 милијарди луѓе користат социјални мрежи, од кои значителен дел се млади на возраст од 13 до 24 години. Моќта на социјалните мрежи е во нивната интерактивност и брзината со која се шират информациите, па така една содржина за кратко време може да стане вирална и да има милиони прегледи. За младите генерации, кои се дигитално најактивни, овие платформи не се само мрежи за комуникација и информирање, туку се и средство за изразување на сопствениот идентитет и следење на глобални трендови. За нивното влијание врз животот на младите, една експертка за млади и дигитална култура во своето истражување ќе

напише: „Социјалните мрежи не само што го одразуваат тинејџерскиот живот-тие го обликуваат.“ (Twenge, J. M., 2017).

Една од највлијателните и најбрзорастечките социјални мрежи во последната деценија која кај младите постигна експлозивна популарност е платформата Тик Ток. Бројот на активни корисници на оваа платформа постојано расте и според податоците на eMarketer, во јануари 2018 година имало 55 милиони корисници, во декември истата година 271 милион корисници, во декември 2019 оваа бројка се искачува на 508 милиони, во јули 2020 година изнесувала 689 милиони, во септември 2021 година 1 билион, а во мај 2024 година достигнува 1,04 билиони активни корисници. Оваа социјална мрежа е развиена од кинеската компанија „ByteDance“ во 2016 година, под оригиналното име „Douyin“, која во 2018 година се спои со апликацијата Musical.ly и почна молскавично да се шири и да го зазема медиумскиот простор. Функционира преку кратки видеа со траење од 15 секунди до 10 минути, кои лесно се монтираат, надополнуваат со музика, ефекти и интерактивни функции. Алгоритмот на Тик Ток е дизајниран да обезбедува содржина базирана на претходни интеракции, што резултира со висока персонализација и голем степен на ангажираност на корисниците. Токму овој алгоритам, според Montagnese et al. (2021), е одговорен за создавање на дигитална зависност и изложеност на содржина која не секогаш е соодветна, особено за младите. Посебно загрижувачки се т.н. Тик Ток предизвици (challenges), кратки задачи или активности кои се шират многу брзо и поттикнуваат масовно учество. Некои од овие предизвици можат да бидат опасни по здравјето, како на пример: „Blackout Challenge“ (задушување до губење на свест), „Milk Crate Challenge“ (искачување на нестабилни кутии што води до тешки повреди), „Car Surfing Challenge“ (возење на врвот на движечки возила, понекогаш без соодветни безбедносни мерки), „Cinnamon Challenge” (јадење лажица цимет без да се пие вода), „Superman Challenge“(имитирање на лет на Супермен на небезбедни површини). Овие предизвици поттикнуваат имитативно однесување кај младите и стекнуваат лажен впечаток дека активноста е забавна и безбедна без да го проценат ризикот од можни повреди и последиците од ова вирално однесување.

Првите академски анализи за Тик Ток се појавуваат околу 2019 година, со фокус на младите корисници и нивните навики. Во една значајна студија „Living in a Moment: Impact of TikTok on Influencing Younger Generation into Micro-Fame“ (2019), авторите Sadia Riaz, Badriya Abdul Jaffer, Arif Mushtaq преку квалитативна анализа на коментари од родители на платформите за преземање на апликацијата, како и интервјуа со млади Тик Ток корисници кои стекнале микро-слава констатираат дека Тик Ток им овозможува на младите корисници брзо да стекнат „микро-слава“ преку кратки видеа, но има потенцијални негативни ефекти врз нивното физичко и ментално здравје, како што се нарушена слика за телото, зголемена нарцисоидност и ризик од нарушувања во исхраната. Во една слична студија, Кауе,

Chen & Zeng (2020) анализираат како Тик Ток влијае на идентитетот на младите, покажувајќи дека тие често се прилагодуваат на доминантни трендови и користат платформи за самопромоција, но и за самоцензура. Во студијата „Watch, Share or Create: The Influence of Personality Traits and User Motivation on TikTok Mobile Video Usage (2020) Montagnese et al. (2021) и Omar & Dequan (2021) идентификуваат дека социјалната мрежа Тик Ток може да предизвика зголемена анксиозност, депресија, проблеми со спиење и притисок за учество во одредени трендови. За влијанието на користењето на платформата Тик-ток врз здравјето на младите се зборува и во студијата „Using TikTok for public and youth mental health – A systematic review and content analysis“ (2022) во која се нагласува дека и покрај тоа што Тик Ток е најкористена платформа за деца и млади луѓе, отсуствуваат висококвалитетни методолошки проценки на содржината на оваа социјална мрежа со што се загрозуваат јавното и менталното здравје.

Во едно поново истражување „Hyperconnected: children and adolescents on social media. The TikTok phenomenon“ (2023) укажува дека Тик Ток објавите генерираат голем број допаѓања, коментари и следбеници кои им помагаат на корисниците да се чувствуваат ценети и прифатени. На овој начин тие чувствуваат задоволство кое е основа за однесувањето кое предизвикува зависност и создава силен поттик за повторување на овие дејства. Исто така, во една од последните студии за Тик Ток „Can't stop scrolling! Adolescents' patterns of TikTok use and digital well-being self-perception“ (2024) во која се испитуваа моделите на користење на Тик Ток и нивото на дигитална благосостојба кај шпанските адолесценти на возраст од 12-18 години, се констатира дека адолесцентите доживуваат губење на контролата врз употребата на социјалните медиуми и тоа влијае на нивниот секојдневен живот. Исто така се нагласува потребата од мерки за ограничување на времето што адолесцентите го поминуваат на Тик Ток и затоа се препорачува задолжителната родителска контрола на електронските уреди и едукативните програми насочени кон промовирање на здрави дигитални навики, како и поддршка на семејствата во справување со предизвиците од прекумерната употреба на Тик Ток.

Иако социјалната мрежа Тик Ток има екплозивна популарност, посебно меѓу младите, научната и стручната заедница недоволно ја имаат истражено длабочината на нејзините психолошки, социјални и едукативни последици. Постои голема празнина во разбирањето како оваа платформа влијае врз идентитетот на младите, нивната самоперцепција, емоционалното здравје, вредносниот систем и меѓучовечките односи. Дел од истражувањата се фокусираат на поединечни акпекти, но генерално недостигаат сеопфатни, долгорочни и интердисциплинарни анализи кои ќе го опфатат целосното влијание на платформата. Но, поради актуелноста, сериозноста и важноста на оваа проблематика за секојдневниот живот на младите и нивниот развој, има голема потреба од интензивирање на процесот на

систематско и критичко истражување кои ќе резултираат со креирање на соодветни политики за медиумска едукација и дигитална писменост.

Истражувачка методологија

Ова истражување има за цел да ја согледа улогата на медиумската писменост во справувањето со предизвиците на социјалната мрежа Тик Ток кај младите. Истражувањето се базира на анкетен прашалник и интервју со ученици од 10 до 15-годишна возраст. Избраниот примерок на ученици е по случаен избор. Во истражувањето зедоа учество 310 ученици од 17 училишта од 13 различни општини од државата кои го споделија своето искуство од користењето на социјалната мрежа Тик Ток. Анкетниот прашалник содржи 10 прашања кои се однесуваат на искуствата на младите од користење на платформата Тик Ток: дали ја користат и колку често, какви содржини вообичаено следат, како реагираат кога ќе наидат на Тик Ток предизвик, од кои причини би го прифатиле предизвикот, какво е нивното досегашно искуство од нивното вклучување во Тик Ток предизвик или вклучувањето на нивните врсници, какви последици сметаат дека има вклучувањето во предизвици на Тик Ток, дали сметаат дека семејството и училиштето можат да им помогнат во справувањето со овие предизвици и преку какви едукативни содржини може да влијае училиштето врз побезбедното користење на социјалните мрежи. Во интервјуто ставен е акцент на искуства и ситуации на учениците од користење на социјалната мрежа Тик Ток и начини на справување со предизвиците.

По обработката на сите добиени податоци, а со цел добивање на релевантни заклучоци од овој научен труд, направена е статистичка анализа на податоците и графичка презентација на добиените одговори од анкетниот прашалник. Резултатите и заклучоците од ова истражување можат да послужат во насока на развивање на стратегија за медиумска едукација на родителите и развивање политики за посеопфатно медиумско образование на младите преку нивно вклучување во различни програми и активности, со акцент на безбедно користење на социјалните мрежи.

Констатации/резултати

Со технолошките достигнувања во денешно време и дигиталната револуција, младите се сè поприсутни на социјалните мрежи и го користат интернет просторот за комуникација, самоизразување, информирање и градење на личен и социјален идентитет. Преку користењето на различни платформи, како TikTok, facebook, Snapchat, YouTube и други, тие комуницираат, се информираат, следат трендови,

учествуваат во предизвици и споделуваат лични искуства. Преку нив, младите добиваат чувство на припадност и можност да се поврзат со луѓе со слични интереси или ставови, без разлика на географските граници. Исто така, социјалните мрежи влијаат на формирањето на нивното мислење, на градењето на ставови и вредности, па дури и на професионалните аспирации. На овој начин социјалните мрежи стануваат суштински дел од начинот на живеење и комуницирање на младите денес. Затоа е многу значајно тие да бидат медиумски едуцирани, одговорно и етички да се однесуваат во интернет просторот и да умеат соодветно да реагираат на предизвиците на социјалните мрежи. На платформата Тик Ток се распространети многу предизвици со штетни влијанија за младите, како за нивното физичко здравје, така и за емоционалната состојба и повреда на приватноста. Овие предизвици брзо стануваат виралн и привлечни за младите, па се забележува масовно вклучување во нив. Младите често не се свесни за ризикот и последиците од прифаќањето на овие предизвици заради невклученост на критичкото размислување. Заради тоа во ова истражување ќе се согледаат и причините за вклучување на младите во Тик Ток предизвиците и нивните реакции, како и свесноста за последиците од вклучувањето во нив. Овој труд исто така ја нагласува улогата на семејството и училиштето како клучни во стекнувањето компетенции од медиумска писменост и развивањето критичко размислување кај младите, што значително може да придонесе во поодговорно и побезбедно користење на социјалните мрежи и воопшто на интернет просторот.

Во ова истражување учествуваа 307 ученици од 17 училишта од 13 различни општини од нашата држава кои се на возраст од 10 до 15 години. При тоа, 7,5% се на возраст од 10 години, 18,6% се на возраст од 11 години, 20,2% се на 12-годишна возраст, 23,8% се на возраст од 13 години, 21,2% се на 14-годишна возраст и 8,8% се на возраст од 15 години.



Резултатите од анализата на анкетните прашалници на учениците се следните:

На првото прашање: „Дали ја користиш апликацијата Тик Ток?“, 80,5% од учениците одговорија дека ја користат, а 19,5% одговорија дека не ја користат.



На второто прашање: „ Ако твојот одговор е ДА, колку често ја користиш?“, најголем број од учениците (34,1%) одговорија дека ја користат од 1 до 2 часа дневно, потоа 26,6% одговорија дека ја користат помалку од 1 час дневно, 25% од учениците одговорија дека ја користат од 2 до 4 часа дневно, 9,5% дека ја користат 4 до 6 часа дневно, 3,2% од учениците одговорија дека ја користат од 6 до 8 часа дневно и 1,6% од испитаниците одговорија дека ја користат повеќе од 8 часа дневно.



На третото прашање: „Какви содржини најчесто следиш на оваа апликација?“, учениците имаа можност да изберат повеќе одговори. Најголем број од учениците со 55% одговорија дека следат најмногу забавни содржини, 49,2% одговорија дека најмногу следат содржини од спорт, 42,6% одговорија дека најмногу следат музички содржини, 26,4% следат содржини од мода, 19,8% одговорија дека следат едукативни содржини и 24% од испитаниците одговорија „друго“. Од другите содржини ги

наведоа: совети за здрав живот и убавина, следење на дневните рутини на познати влијателни личности и актуелни настани.



На четвртото прашање: „ Каква е најчесто твојата реакција кога ќе наидеш на Тик Ток предизвик?, најголем број од испитаниците со 53,8% одговорија дека не прифаќаат предизвици на Тик Ток, 19,8% одговорија дека не наишле на Тик Ток предизвик, 17,6% одговорија дека ретко прифаќаат, 5,1% одговорија дека размислуваат за последиците од предизвикот, но често го прифаќат предизвици и 3,7% одговорија дека го прифаќаат предизвикот ако е интересен.

На петтото прашање: „Од кои причини би прифатил Тик Ток предизвик?, испитаниците наведуваат дека е за забавни цели (41,6%), од љубопитност (18%), за привлекување на внимание (2,6%), за вклучување во актуелни настани (2, 1 %) и од други причини (42,1%). Како најчести други причини ги наведуваат: влијание на инфлуенсери кои учествуваат во предизвикот, желба за натпревар, припадност на група, досада и потреба од возбуда.

На шестото прашање: „ Наведи некои Тик Ток предизвици во кои си се вклучил или се вклучиле твоите другари“, најголем дел од испитаниците одговорија дека не биле вклучени во Тик Ток предизвик, но од испитаниците кои лично се вклучиле или пак нивните другари, најчесто споменуван е предизвикот „Супермен“, потоа танцови предизвици, фудбал предизвик, „Руски склек“, „Парацетамол предизвик“, „Sprite предизвик“, „Банана предизвик“, „Седи дома или оди надвор“ и „Спајдермен предизвик“.



На седмото прашање: „ Какви последици сметаш дека може да има вклучувањето во Тик Ток предизвиците?, испитаниците имаа можност да посочат повеќе од понудените одговори. Најголем број од одговорите (82,5%) се однесуваа на физички повреди, потоа повреда на психичкото здравје (50,2%), повреда на приватноста (28,2%) и најмал број од испитаниците (10%) одговориле дека нема последици, тоа е за забава.



На осмото прашање: „ Дали сметаш дека разговорите со членовите на семејството кои имаат знаења и вештини за користење на медиумите можат да придонесат за побезбедно да ги користиш социјалните мрежи?“, најголем дел од испитаниците одговорија со „да“ и тоа 94,5%, додека само 5,5% одговорија со „не“.



На деветтото прашање: „Дали сметаш дека училиштето со своите едукативни содржини може да придонесе за побезбедно користење на социјалните мрежи?“ 78,5% од испитаниците одговорија со „да“, а 21,5% одговорија со „не“.



На десеттото прашање: „ На кои начини сметаш дека училиштето може да обезбеди подобра едукација за младите за користење на социјалните мрежи?“, испитаниците посочуваат повеќе решенија, кои се однесуваат на:

- Разговори на тема „Безбедно користење на социјалните мрежи“
- Давање на насоки за користење на социјалните мрежи во едукативни цели
- Ефективни презентации за етичко и одговорно користење на интернетот со примери за последиците од несоодветно користење

- Обуки за препознавање на штетните влијанија на социјалните мрежи
- Повеќе часови со стручни лица кои ќе обезбедат подобра медиумска едукација (педагошко-психолошка служба, IT програмери и сл.)
- Континуирана медиумска едукација на одделенските часови
- Форум театри за конкретни ситуации од неетичко користење на социјалните мрежи
- Работилници за медиумска писменост
- Дебати за последиците од прифаќање на опасни Тик Ток предизвици
- Вклучување на стручната служба и Ученичкиот парламент во подготовка на активности за превенција од штетните последици од користењето на социјалните мрежи
- Вклучување во едукативни проекти поврзани со медиумска писменост
- Организирање на едукативни настани во врска со безбедноста на социјалните мрежи
- Воведување на наставен предмет за користење на социјалните мрежи
- Часови за дигитална писменост
- Советувања за надминување на проблемите кои се јавуваат кај корисниците на социјалните мрежи
- Интервјуа со луѓе кои трпеле последици од вклучување во опасни Тик Ток предизвици
- Училиштето да обезбеди едукација за родителите за запознавање со опасностите од користењето на социјалните мрежи и да понуди пристапи на родителите за едукација на своите деца
- Работилници за учениците кои поактивно се вклучуваат во Тик Ток предизвици
- Зголемување на спортските активности во училиштата
- Забрана за користење на телефоните за време на часовите и одморите.

Резултатите од ова истражување јасно укажуваат дека младите на возраст од 10 до 15 години имаат силна потреба од едукација за безбедно вклучување и користење на социјалните мрежи. Според нивните одговори, семејството има клучна улога во формирањето вредности, ставови и поставување на основите на медиумската писменост кои се важни во формирањето на навиките за користење на социјалните мрежи и кибер безбедност. Во семејна средина која ги развива компетенциите за самостојно, одговорно и безбедно користење на дигиталниот простор, а со поддршка на училиштето преку програми и активности за медиумска едукација, младите ќе имаат плодна почва да се развиваат во личности кои безбедно ќе бидат вклучени во дигиталниот свет.

Дискусија и заклучоци

Во денешното дигитално современо општество социјалните мрежи се секојдневие за младите преку кои тие се информираат, се поврзуваат и комуницираат, следат трендови, се вклучуваат во предизвици, споделуваат лични ставови и го градат својот личен и социјален идентитет. Тие можат да имаат позитивни ефекти врз развојот на личноста, особено доколку се користат свесно, умерено и со поддршка од семејството и образовниот систем. Придобивките се однесуваат на широките можности за социјализација и поврзување со врсници, размена на мислења, искуства, интереси и идеи, информираност и едукација, развој на креативност и дигитални вештини. На овој начин социјалните мрежи претставуваат важна алатка за личен развој, учење, учество и самоизразување. Покрај многубројните позитивни аспекти на социјалните мрежи, тие можат да имаат и штетно влијание врз развојот на младите, особено кога не постои доволна медиумска писменост, родителски надзор и развиена критичка самосвест. Негативните аспекти се однесуваат на создавање зависност од дигитална стимулација, намалување на когнитивните функции и сè пократок распон на вниманието, нереални стандарди и проблеми со самоперцепција, кибер насилство и учество во трендови кои неретко вклучуваат опасни предизвици.

Од ова истражување можеме да заклучиме дека голем број од младите на возраст од 10 до 15 години се вклучени и активни на социјалната мрежа Тик Ток и ја користат секојдневно по неколку часа на ден. Според податоците од анкетниот прашалник тие најчесто следат забавни содржини, содржини од спорт, музички содржини, мода, а најмалку ја користат платформата за едукативни содржини. На платформата Тик Ток постојано се појавуваат предизвици кои претставуваат закана за здравиот психофизички и социјален развој на младите. Такви се на пример предизвиците кои бараат скокање од височини, консумирање на несоодветни супстанции (како парацетамол или газирани пијалаци во краток рок), фотографирање или креирање куси видеа во опасни услови, задушување, па дури и нанесување болка на себеси или на другите. Во врска со овие опасни предизвици кои се појавуваат на Тик Ток, најголем процент од испитаниците одговориле дека не ги прифаќаат или дека воопшто не сретнале таков предизвик, но дел од младите одговориле дека ги прифаќаат, посебно ако се интересни. На прашањето во кои предизвици биле вклучени или пак биле вклучени нивни другари, најзачестен одговор на испитаниците е дека биле вклучени во предизвикот „Супермен“ во кој се скока со рацете напред, имитирајќи лет како „Супермен“, често и на несоодветни површини, што доведува до физички повреди. Поретко се наведени и предизвиците: „Руски склек“, „Спајдермен“, „Sprite предизвик“, „Парацетамол предизвик“, „Фудбалски предизвик“ и „Банана предизвик“. Причини поради кои се вклучуваат во овие предизвици ги наведуваат: поради забава, љубопитност, потреба за прифаќање и привлекување внимание, влијание на познати личности од

платформата и инфлуенсери, како и страв од исклучување. Овие резултати укажуваат дека кај младите треба да се развива критичкото размислување и свеста за последиците од вклучувањето во активности кои се ризични по нивното психофизичко здравје. Поради тоа во процесот на нивниот развој треба да се вклучат компетенции кои ги интегрираат дигиталната, емоционалната и медиумската писменост, како што се: разликување на безбедна и ризична интернет содржина, разбирање на алготитмите на социјалните мрежи, контрола на импулсите и притисокот од групата, разбирање на сопствените чувства, способност да се направи проценка на опасноста од одреден предизвик и соодветно да се реагира, како и разбирање на последиците од споделување и поттикнување на ризична содржина. Според испитаниците семејството врши најголемо влијание врз младите за развивање на компетенции кои се потребни за побезбедно користење на социјалните мрежи. Поради тоа многу е значајно општеството да развива механизми и политики за активно вклучување на семејствата во дигиталната едукација на децата. Според добиените одговори од прашалникот, покрај семејството, училиштето игра значајна улога во стекнувањето на медиумска писменост која ќе ја подобри безбедноста при користењето на социјалните мрежи кај младите. Според резултатите од истражувањето, младите од 10 до 15 годишна возраст сметаат дека во училиштата треба да се воведат редовни часови за медиумска писменост со акцент на безбедно користење на социјалните мрежи, континуирано да се реализираат работилници од медиумска писменост, предавања од стручни лица, организирање на медиумски едукативни настани, вклучување во проекти поврзани со медиумска писменост, советувања, дебати и слични активности со кои ќе се зголеми медиумската едукација на младите. Сето ова укажува дека образовниот систем систематски и континуирано треба да вложува напори за развивање на дигитални и медиумски компетенции кај учениците преку интегрирање на содржини од медиумска писменост во наставните програми, со посебен акцент на безбедно користење на социјалните мрежи. На крајот, важно е да се развијат национални образовни политики кои ќе ѝ дадат соодветно значење на медиумската и дигиталната писменост за да бидат во чекор со современите образовни текови и потребите на младите за да можат свесно, одговорно и безбедно да чекорат во дигиталниот свет.

Користена литература

1. Boyd, Danah (2014). It's Complicated: The Social Lives of Networked Teens. Yale University Press

2. Twenge, J. M. (2017). iGen: Why Today's Super-Connected Kids Are Growing Up Less Rebellious, More Tolerant, Less Happy—and Completely Unprepared for Adulthood. New York: Atria Books.

3. Riaz, S., Abdul Jaffer, B., & Mushtaq, A. (2019). Living in a Moment: Impact of TikTok on Influencing Younger Generation into Micro-Fame. Journal of Content, Community & Communication, Vol. 10, Year 5, December 2019

4. Kaye, D. B. V., Chen, X., & Zeng, J. (2020). The co-evolution of two Chinese mobile short video apps: Parallel platformization of Douyin and TikTok. Mobile Media & Communication

5. Darragh, M., Colette M.M. (2022). Using TikTok for public and youth mental health - A systematic review and content analysis

6. ИРЕКС, Македонски институт за медиуми, Институт за комуникациски студии, Младински образовен форум (2022) Медиумска писменост: прирачник за обучувачи Учиме да распознаваме.

7. Silvina B. Pedrouzo, Laura Krynski (2023). Hyperconnected: children and adolescents on social media. The TikTok phenomenon

8. Clara Virós-Martín et al.(2024). Can't stop scrolling! Adolescents' patterns of TikTok use and digital well-being self-perception

За авторите

Соња Трифуновска

Соња Трифуновска е одделенски наставник-ментор во ООУ „Гоце Делчев“-Тетово и ЕДУИНО амбасадор. Координатор е на повеќе проекти поврзани со мултиетничка интеграција во образованието и промоција на безбедна училишна средина, како и наставник-обучувач за медиумска писменост и јазична писменост во почетните одделенија. Работела како тренер за тутори во рамки на Асоцијацијата за демократски развој на Ромите. Била предавач на онлајн вебинари за порталот ЕДУИНО и Здружението на одделенски наставници „УЧИТЕЛ“. Автор е на едукативни сликовници со дигитални задачи „Петар учи за здрава храна“ и „Наде и Нено учат за животните“, како и на интерен прирачник „Прирачник со практикум за примена на наставни техники во наставата по македонски јазик“. Рецензент е на учебници и прирачници наменети за одделенска настава. Во 2019 год. и 2022 год. е добитник на признанието за заслуги од областа на образованието на Здружението „Вешта жена“. Во 2023 год. е добитник на признанието за особен придонес во образованието од општина Тетово.

Зорица Адамчевска

Зорица Адамчевска е одделенски наставник во ООУ „Блаже Конески“ – Велес со работно искуство од 19 години. ЕДУИНО амбасадор, со голем број видео лекции и игровни образовни активности за придонес и развој на колективен ЕДУИНО портал. Национален обучувач за медиумска писменост и јазична писменост во почетните одделенија. Еден од авторите на прирачник за наставници од меѓународен проект „ Креативна примена на нови наставни техники”. Дел е од прирачна литература од областа „Медиумската писменост во ерата на вештачката интелегенција” и каталози на добри СТЕМ практики. Коавтор во голем број стихозбирки и раскази за деца. Рецензент и промотор на македонска литература за деца и учебник во одделенска настава. Проценувач на меѓународно мерење на постигањата од јазична и математичка писменост во почетните одделенија со ЕГРА И ЕГМА. Учесник во проекти, конференции и кампањи од областа на на образованието.